**1а. Општи дескриптори на квалификации за академските четиригодишни студии од прв циклус со 240 ЕКТС, студиска програма по Џез Пеење, Музичка академија, Универзитет ,,Гоце Делчев” Штип, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/2010) и Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/2013 и бр.30/2016).**

| **Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации** | | **Високо образование** | **Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации** |
|---|---|---|---|
| VI | VIA | Четиригодишни академски студии од прв циклус, 240 кредити | 6 |

Квалификации кои означуваат успешно завршување **на првиот циклус на студии (240 ЕКТС)** се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

| | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Покажува знаење и разбирање во уметничкото поле поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во уметничкото поле според соодветна методологија. Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска уметничките тенденции и новите извори на знаење.<br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми.<br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање. |

| | |
|---|---|
| **Способност за проценка** | Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. |
| **Комуникациски вештини** | Способност да комуницира и дискутира, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, уметнички и интердисциплинарни дискусии. |
| **Вештини на учење** | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |

**1б. Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за академските четиригодишни студии од прв циклус со 240 ЕКТС, студиска програма по Џез Пеење, Музичка академија, Универзитет ,,Гоце Делчев" Штип, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.154/2010) и Законот за националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.137/2013 и бр.30/2016).**

| | |
|---|---|
| **Знаење и разбирање** | Теоретски познавања:<br><br>Џез историја<br>Џез теорија<br>Џез хармонија<br>Аранжирање<br>Комопозиција<br><br>Практични знаења:<br><br>Солфеж<br>Нотација и читање ноти<br>Импровизација<br>Матичен инструмент<br>Работа во и со музички состав<br>Сите наведени области се во џез идиом и од уметнички карактер |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Изведба на матичен инструмент на професинално ниво<br>Способност за работа во музички состав<br>Компонирање/аранжирање за, и водење на џез ансамбл<br>Пренесување на знаења |
| **Способност за проценка** | Способност за естетско/филозофска и квалитативна проценка на музичко дело и изведба .<br><br>Способност за самокритика и стремеж кон оригинален израз. |
| **Комуникациски вештини** | Способност за музичка комуникација во разновидни ансамбли и оркестри, за пренесување на знаења, и водење дискусија од областа на современата музика и џезот на напредно ниво. |
| **Вештини на учење** | Развиена способност за доживотно самостојно уметничко развивање. |